# Барање за доставување на понуди од хотели

## 1. Општи услови

1.1 Набавувач Здружение на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје

1.2 Предмет на барањето: Прибирање на понуди од хотели за реализација на тренинг/летна школа за градење на капацитети за настап и активација на пазарот на труд на ученици Роми

1.3 Ромаверзитас е партнерска организација на Ромскиот едукативен фонд во Будимпешта (РЕФ) и како таква е назначена за учество во регионалниот проект "Зголемени можности за образование на студенти Роми и млади Роми во Западен Балкан и Турција", финансиран од Европската Унија и РЕФ. Главната цел на регионалниот проект е да се затвори јазот меѓу Ромите и не-Ромите, да се обезбеди пристап до квалитетно образование за Ромите во сите фази и да се обезбеди непречена транзиција од образованието до вработување промовирање на трајни системски промени во Западен Балкан и Турција. Во рамките на овој регионален проект, Ромаверзитас го спроведува проектот „Зголемување на пристапот и учеството на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“. За реализација на планираните проектни активности здружението го објавува ова барање преку веб страната на здружението до квалификувани субјекти на територијата на Република Северна Македонија за добивање соодветни понуди за ангажман опишан подолу во барањето.

1.4 Секој понудувач мора да достави вкупна понуда по сите ставки, во спротивно ќе се смета дека понудата не е целосна и истата ќе биде одбиена.

1.5 Понудувачот во случај на избор на неговата понуда е должен да обезбеди фактура од Управа за Јавни Приходи без ДДВ, поради исплата од страна на средства од грант на Европска Унија.

## 2. Понуда

2.1 Понудувачот треба да достави понуда согалсно потребите на набавувачот , а во понудените содржини да содржи:

- Понуда за полн пансион на сместување на 27 лица со 3 ноќевања, цената да биде изразена по лице
- Понуда за користење на сала за состаноци акустично одвоена од останатиот дел од хотелот содветна и комотна за најмалку 27 лица имајќи ги во предвид и почитувајќи ги сите протоколи за физичко растојание меѓу присутните лица.

The project “Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey” is funded by European Union

- Понуда за користење на техничка опрема опрема (ЛЦД проектор, флипчарт табла) за одржување на обука
- Понуда за освежување за време на обуката и паузите (кафе, вода, безалкохолен пијалок), за најмалку 2 кафе паузи во текот на денот, изразена цена по лице

2.2 Дополнителни информации за понудата

- Понудата треба да важи за 27 лица, за времетраење од три ноќевања или 4 дена, во текот на месец Август
- Хотелот треба да има обезбеден паркинг за најмалку 3 возила, кој што е вклучен во понудата
- Хотелот, според категоризација, треба да биде најмалку со 3 звезди
- Оброкот за ручек и вечера треба да содржи сезонска салата, супа, порција главно јадење, десерт и безалкохолен пијалок за секој учесник

## 3. Критериум за избор на најповолен понудувач

- Цена
- Квалитет
- Потврдено дологовремено искуство во работата

Доколку се исполнети сите барања се смета дека квалитетот е постигнат во целост.

Бодувањето на понудените цели се определуваат согласно проценетиот соодност со најниската и највисоката понуда.

## 4. Облик на содржината на понудата

4.1 Понудата се изработува во писмена форма (формат во прилог)

| **Ставка** | **Опис на услуга/производ** | **Единечна цена со ДДВ** | **Единечна цена без ДДВ** | **Количина** | **Вкупна цена без ДДВ** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union

4.2 Име , адреса, седиште на понудувачот на услуги, даночен број, броеви за контакт, факс, e-mail адреси за контакт како и лице за контакт.
4.3 Карактеристики на понудата
4.4 Рок и начин на испорака на стоките и услугите
4.5 Вредност на понудените содржини и услуги изразена во денарска вредност без вкупен ДДВ.
4.6 Рок и начин за плаќање

Набавувачот ќе го плати нето износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот сите потребни документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет на добра и услуги во земјата.

Понудите да се достават по електорнски пат на e-mail: ane.matevska@romaversitas.org.mk или во писмена форма во просториите на Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје на ул. 11 Октомври бр.8 – 1/2 , **најдоцна до 02.08.2020 година**.

The project “Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey” is funded by European Union